РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјална работа
Бр. 0401 - 1464 / 8
22.12 20 25 год.
НЕГОТИНО

ВД директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), постапувајќи по Предлогот за вработување бр. 10-1835/16 од 19.12.2025 година на Агенцијата за администрација, ја донесе следната

О Д Л У К А

за избор на кандидат за вработување по јавен оглас бр. 841/2025

Како прворангиран кандидат по јавниот оглас бр. 841/2025, за работното место со назив Одговорен сметководител и звање Помлад соработник - стручен службеник од четврто ниво, **СЕ ИЗБИРА** Тања Илиева со идентификациски код 5797416.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување, по конечноста на одлуката за избор.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на ЈУ МЦСР Неготино, Агенцијата за администрација објави јавен оглас бр. 841/2025 за вработување на еден административен службеник на работното место наведено во точка 1 од оваа одлука.

За потребите на постапката, формирана е Комисија за селекција за вработување која ги спроведе сите три фази од постапката за селекција, по што изготви конечна ранг листа на кандидати и врз основа на тоа, до ВД директорот достави Предлог за вработување бр. 10-1835/16 од 19.12.2025 година, со кој комисијата како прворангиран кандидат, предлага да биде избран кандидатот Тања Илиева.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ВД ДИРЕКТОР
Зорица Ѓорѓиева

ЈУ Меѓуопштински Центар за Социјална работа * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * Неготино

Доставено до:
- кандидатот и
- Агенција за администрација.